Макпромет АД Штип

Деловоден број

0202-112

28.04.2022година

Годишно собрание

Врз основа на член 385 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 35 од Статутот на Макпромет АД Штип, Одборот на директори на друштвото на седницата одржана на ден 28.04.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за свикување на собрание на акционери на Макпромет АД Штип

Собранието на акционери ќе се одржи на ден 30.05.2022 година (триесетти мај 2022 година) во 13 (единаесет) часот во просториите на "Европа" ДООЕЛ Штип, сала (работнички ресторан) на ул. "Др Слободан Јовановски бр. 3 Штип со следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**I Процедурален дел**

1. Отворање на собранието
2. Констатирање кворум за работа
3. Избор на работни тела

3.1 Избор на претседавач

3.2 Избор на двајца бројачи на гласови

3.3.Именување на Нотар за водење на записник на Собрание на акционери.

**II Работен дел**

1.Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиски извештај и годишниот извештај на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него за 2021 година;

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка за 2021година;

3. Разгледување и одобрување на консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на Макпромет АД Штип, ревидирани од овластен ревизор за 2021 година;

4. Донесување на одлука за употреба на чиста добивка и покривање на загуба;

5. Одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото за 2021 година;

6. Донесување на одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2022година;

7. Донесување на одлука за исплата на награда на членовите на Одборот на директори;

8.Разно.

Вкупниот број на акции во Макпромет АД Штип е 59.993 акции, од кои :

- 59.993 обични акции
- вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик се 59.993

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на собранието на друштвото е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.
Пријавите да се достават до Макпромет АД Штип, Одбор на директори на друштвото , или по електронски пат на pravna-sluzba@makpromet.com.mk
Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред во согласност со Статутот на друштвото и Законот за трговски друштва.
Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин во согласност со Статутот и Законот за трговски друштва .
Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно за што е должен да го извести друштвото по писмен или електронски пат.
За полномошници на собранието можат да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интереси и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на собранието за која им важи полномошното. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на друштвото : www.makpromet.com.mk
Согласно Законот за трговските друштва акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.
Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред предлози на одлуки и прашања најдоцна осум дена од објавата на овој повик во дневен весник, а подетални информации за постапката на доставување на предлози и прашања може да се најдат на официјалната интренет страница на друштвото www.makpromet.com.mk
Секој акционер има право да поставува прашања за секоја од точките на дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница или преку интренет страницата на друштвото.
Материјалите за собранието на друштвото и дополнителни информации во согласност со Законот за трговски друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден во седиштето на друштвото на ул. Др Слободан Јовановски бр. 3 Штип и на интернет страницата на друштвото www.makpromet.com.mk

Макпромет АД Штип
Одбор на директори

Виолета Николова
Стерјова Пиха
Миле Атанасов